**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

Бр. 08-78
Скопје 21.02.2020 г.

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 22 и член 20 став 1 алинеи 1 и 10[1] од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19) и Закон за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20), а согласно член 54 став 4 и член 104 став 4 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.124/15), во врска со Предлогот Уп1 бр.08-78 од 14.02.2020 година, на директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги д-р Зоран Трајчевски и Предлогот Уп1 бр.08-78 од 19.02.2020 година на овластеното лице на Директорот на Агенцијата, а согласно Заклучокот, бр.02-718/9 од 21.02.2020 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 9-та седница одржана на 21.02.2020 година, донесе:

## РЕШЕНИЕ
### за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за радио емитување

СЕ ЗАПИРА покренатата постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Непрофитната радиодифузна установа УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО УГД ФМ - Универзитет Гоце Делчев Штип, бр.08-135 од 05.01.2015 година, со Предлог Уп1 бр.08-78 од 14.02.2020 година.

## Образложение

Советот на Агенцијата на 8-та седница одржана на 14.02.2020 година, со Заклучок, бр.02-605/17 од 14.02.2020 година, го усвои предлогот на Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, Уп1 бр.08-78 од 14.02.2020 година и покрена постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Непрофитната радиодифузна установа УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО УГД ФМ - Универзитет Гоце Делчев Штип, бр.08-135 од 05.01.2015 година, поради тоа што по извршениот редовен административен надзор, во Извештајот арх.бр.05-574/1 од 10.02.2020 година, беше констатирано дека радиодифузерот во законскиот рок од 30 дена од денот на приемот на фактурата издадена од Агенцијата, не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за радио емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Во врска со тоа, од страна на Агенцијата на 14.02.2020 година до погоренаведениот радиодифузер беше испратен Допис Уп1 бр.08-

[1] Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.248/18).

78 од 14.02.2020 година, со кој беше известен дека доколку не го плати годишниот надоместок за дозволата за радио емитување, Советот на Агенцијата во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на Предлогот за покренување на постапка за одземање на дозволата, ќе донесе одлука за одземање на дозволата за радио емитување.

На 19.02.2020 година до Директорот на Агенцијата, од страна на Секторот за финансии и логистика, доставено е Известување, наш арх.бр.05-574/2 од 19.02.2020 година дека Непрофитната радиодифузна установа УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО УГД ФМ - Универзитет Гоце Делчев Штип, на 18.02.2020 година извршила уплата во износ од 8.989,00 (осумилјадиидеветстотиниосумдесетидевет) денари, со што радиодифузерот годишниот надоместок за дозволата за радио емитување го платил во целост.

Следствено на сето погоре наведено, врз основа на член 18 став 1 алинеја 22 и член 20 став 1 алинеи 1 и 10[2] од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19) и Закон за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20), согласно член 54 став 4 и член 104 став 4 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.124/15), во врска со Предлогот Уп1 бр.08-78 од 14.02.2020 година, на директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги д-р Зоран Трајчевски и Предлогот Уп1 бр.08-78 од 19.02.2020 година на овластеното лице на Директорот на Агенцијата, а согласно Заклучокот, бр.02-718/9 од 21.02.2020 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 9-та седница одржана на 21.02.2020 година, одлучи да ја запре покренатата постапка за одземање на дозволата.

Врз основа на погоре наведеното се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Доставено до:**
- НРУ УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО УГД ФМ - Универзитет Гоце Делчев Штип;
- Овластеното лице на НРУ УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО УГД ФМ - Универзитет Гоце Делчев Штип;
- Секторот за информатичка поддршка и општи работи – архива;
- Секторот за правни работи;
- Секторот за финансии и логистика; и
- Назначеното лице во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за водење на Уписникот Уп1.

[2] Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.248/18).